Јавно претпријатие за извршување на
водостопански дејности ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Бр. 04-548/2
11.07 2018

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 6 Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), а во согласност со Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-7229/2 од 28.06.2018 година, ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2018**
**за пополнување на работно место со унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип**

ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип објавува интерен оглас за унапредување за следниве работни места:

1. **Главен инженер/Проектантен менаџер**, со шифра КДР 0305 А01 006 – 1(еден) извршител, со исполнување на следниве посебни услови:
   - Стручни квалификации: најмалку 240 кредити стекнати спред ЕКТС или завршен VII/1 степен машинство, електотехника или градежништво и водостопанство.
   - Работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.
2. **Раководител на Одделение за водоснабдителни објекти/ оддржување на зафати и цевководи**, со шифра КДР 0305 А03 009 - 1(еден) извршител со исполнување на следниве посебни услови:
   - Стручни квалификации: најмалку 240 кредити стекнати спред ЕКТС или завршен VII/1 степен машинство, електотехника или градежништво и водостопанство.
   - Работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
3. **Самостоен инженер/инженер за автоматско пратење на дистрибуцијата на водата во диспечерскиот центар**, со шифра КДР 0305 Б01 050 - 1(еден) извршител со исполнување на следниве посебни услови:
   - Стручни квалификации: најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI-Б степен електротехника, електромашинство или електроника и автоматика.
   - Работно искуство: најмалку три години работно искуство во струката

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување согласно Законот за работните односи и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност..